

Проф. д-р Спасе Јовковски

# ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО И ЛЕКАРСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Проф. д-р Спасе Јовковски

# ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО И ЛЕКАРСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 2004.

# ПРЕДГОВОР

Процесот на реформи и трансформација на здравствениот систем во Република Македонија, отпочнат пред неколку години, се уште е во тек со поголеми или помали видливи показатели за неговата целисходност. Кај докторите тоа создава чувство на несигурност, незадоволство со постоечката состојба и безперспективност на професијата во ваквото општествено – економско миље. Веројатно, ваквото доживување на сопствената професија и како субјекти кои директно ја спроведуваат здравствената дејност, ги инхибира докторите поактивно да учествуваат во сите процеси како активни носители на реформите кои се неминовни.

Здравствениот систем на нашата земја мора да претрпи промени заради економските законитости кои го диктираат тоа но, и заради нашето приближување кон стандардите и критериумите на Европската унија.

Еден од најзначајните сегменти кој директно не приближува до европските стандарди за медицинската професија е процесот на акредитација на докторите. Токму акредитација на докторите и особено нејзината имплементација претставуваат најдиректна можност докторите преку своите професионални и еснафски здруженија активно да учествуваат во креирањето на иднината на професијата.

## СТРАТЕГИЈА

Министерството за здравство определи тим чија задача беше да подготвуват „Стратегија за акредитација на докторите во Република Македонија“ заради модернизација на медицинската професија во Македонија со користење на критериуми и стандарди од развиените европски земји. Лекарската комора подготви и подзаконски акти кои имаат за цел имплементација на оваа Стратегија.

Сепак, имплементацијата на Стратегија претставува долг процес кој бара активности и солидна информираност за состојбите на сите релевантни субјекти– Лекарската комора, Медицинскиот факултет, Македонското лекарско друштво и Министерството за здравство. Притоа неопходна е директна и конкретна активност на овие структури за да се овозможи процесот на имплементацијата Стратегија, таа конечно да стане реалност.

## ШТО Е АКРЕДИТАЦИЈА?

Акредитацијата преставува процес кој води кон формално признавање на знаењето, вештините и ставовите и претставува основа на која се издаваат лиценците за професионална активност на поединци или институции. Овој процес подразбира оценување и следење на работата чија крајна цел е задоволување на потребните професионални стандарди. На тој начин акредитацијата придонесува за подобрување на квалитетот на здравствената заштита на пациентите, за заштита на пациентите од докторите  кои лошо ја обавуваат својата професија, но и за подобрување на статусот на докторите кои покажуваат квалитет во работата.

## ЗОШТО Е ПОТРЕБНА АКРЕДИТАЦИЈАТА?

Акредитацијата е процес кој треба да обезбеди континуиран професионален развој на докторите и задоволување на минималните стандарди, односно, добра медицинска практика за обезбедување на комплетна, сигурна, етична и квалитетна здравствена заштита. На тој начин пациентите, но и докторите се заштитуваат од докторите кои работат лошо, со што се подига и дигнитетот на професијата. Индиректно, акредитацијата ќе обезбеди повисоко ниво на медицинската едукација на сите нејзини степени, ќе ги зајакне професионалните здруженија и организации, а со тоа и ќе го подобри статусот на докторите во заедницата.

Воведувањето на акредитацијата ќе обезбеди мерлив, транспарентен и објективен систем на регулирање и вреднување на медицинската професија. Принципот „оценувањето го поттикнува учењето„ е од особено значење за македонскиот здравствен систем.Тој обезбедува добри здравствени работници кои се резултат на добра едукација, квалитетен образовен систем и транспарентна професионална проценка на стручните способности. Правото да се продолжи со работа во истата дејност ќе се задржува единствено преку системот на акредитација и реакредитација и проценка на компетентноста на докторите.

Целта на системот на акредитација е да се поттикне професионалниот развој на здравствените работници, да се подобри управувањето со хуманите ресурси во здравството и да се подигне личната одговорност во исполнувањето на професионалните обврски. Тоа неминовно води до подигнување на стандардите на здравствените институции за добра медицинска пракса.



# АКРЕДИТАЦИЈА НА ДОКТОРИТЕ ВО ЕВРОПА...

Земјите членки на Европската унија како и оние кои се стремат да станат нејзини членки, развиваат систем на безбедна и квалитетна здравствена заштита. Често употребуваниот термин ДОБРА ЛЕКАРСКА ПРАКСА ги означува стандардите кои се очекуваат од сите доктори и нивната медицинска практика. Овој термин ја подразбира ,пред се, стручната компетентност, одржување на континуитет во високите стан–дарди на стручното работење, вклучување во континуирана медицинска едукација, профе–сионално однесување во согласност со етичките стандарди на медицинската професија и ненанесување штета врз здравјето на пациен–тите.

На тој начин земјите од Европската унија воспоставуваат строги и дефинирани стандарди во медицинската практика и во здравствената заштита на пациентите.

*Императив:*

- квалитетот на додипломската и постдипломската едукација;
- работата на докторите под надзор во тек на задолжителната практична лекарска обука;
- дозвола за самостојна работа по завршувањето на постдиплом–ската едукација и специјализација по примарна здравствена заштита или друга специјалност;
- минимумот на траењето на задолжителната практична лекарска обука и на сите специјализации;
- опис на работните обврски на докторите од примарната здравствена заштита.

Акредитацијата освен во земјите членки на Унијата се спроведува и во Балтичките земји, Словенија, Хрватска итн.



## ...И ВО МАКЕДОНИЈА

Лекарската комора на Република Македонија активноста за воведување на акредитацијата на докторите ја почна пред повеќе од 10 години. Условите за законско воспоставување и спроведување на акредитацијата во тоа време не беа поволни, иако Лекарската комора изготви правилници за издавање на лиценца за работа, за регистар на докторите и за континуирана медицинска едукација.

Моментно во Македонија не постои мерлив систем и регулатива кои би не приближиле до европските стандарди, а со тоа би овозможиле прифаќање на наште дипломи и можност докторите од нашата земја без предуслови и ограничување да работат во странство.

Анализите, пак покажуваат дека во медицинската професија во Македонија постои прекубројност на доктори, голем број на невработени доктори, голем број студенти на Медицинскиот факултет во Скопје и се уште голем интерес за студиите по медицина. Од друга страна пак, потребата од доктори е многу ограничена.

# НИВОА НА АКРЕДИТАЦИЈА

Акредитацијата на доктори е неопходна и ќе се одвива на три нивоа:

- **ОСНОВНА ЛИЦЕНЦА -** лиценца за работа под надзор;
- **ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА -** право на самостојна работа;
- **РЕЛИЦЕНЦИРАЊЕ - РЕАКРЕДИТАЦИЈА,** обновување на лиценцата за работа по определен временски период.

## I. ОСНОВНА ЛИЦЕНЦА - ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА ПОД НАДЗОР




*ПРОМЕНА:*

- на структурата и организацијата на практичната обука со цел да се подигне нивото на клиничките вештини и нивото на професионалниот однос на дипломираните доктори. Тоа ќе се постигне со активна работа под супервизија на едукатори и ментори кои ќе бидат одговорни за постигнатиот прогрес на докторот.
- трансформација на стручниот испит така што тој ќе ги проверува теоретските и практичните знаења на докторите но и нивниот однос кон пациентите, колегите и професијата. Испитот треба да биде објективен, транспарентен и реален.

## II. ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА – ПРАВО НА САМОСТОЈНА РАБОТА




### ПРОМЕНА:

- процесот на специјалистичката едукација да се обавува во специјално акредитирани установи, под раководство на ментори и лични едукатори кои активно ќе го следат прогресот на докторот.
- Процесот на едукација треба да се базира на методот на учење засновано на решавање на определен клинички проблем. Во тек на едукацијата треба да се усвои и методот на само –оценување и анализа на резултатите од работата, како и важноста на размената на стручните мислења помеѓу колегите.
- специјалистичкиот испит треба да е транспарентен, објективен и валиден и да ги оцени теоретските знаења, практичните вештини и професионалните ставови на кандидатот.

## III. РЕЛИЦЕНЦИРАЊЕ – РЕАКРЕДИТАЦИЈА

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА САМОСТОЈНА РАБОТА.




### КРИТЕРИУМИ:

- сертификати за континуиран професионален развој од тесната специјалност;
- реакредитација на секои 7 години.



Лекарската комора на Република Македонија е самостојна и професион–ална организација на докторите по медицина, здружени заради заштита и унапредување на стручноста, етичките должности и права, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, за следење на односот на здравствен–ите работници кон општеството и граѓаните, како и заради заштита на интересите на докторската професија.

Лекарската комора на Република Македонија  има обврски во неколку сегменти  на  глобалниот систем на акредитација и лиценцирање.

1. утврдување на критериуми за акредитација на институции и индивидуи кои ќе ја спроведуваат практичната обука (приправнички стаж);

2. спроведување на **стручниот испит за стекнување на основна лиценца/лиценца за работа под надзор;**

3. издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа;

4. утврдување на облиците критериуми и постапка на стручно усовршување, односно континуирана медицинска едукација/континуиран професионален развој;

5. востановување  на регистар на доктори во Република Македонија

# ПРАКТИЧНА ОБУКА

**Практичната обука,** која претставува темел на реформирањето на делот на системот на здравствена заштита во областа на востановување на принципите на **добра медицинска/професионална пракса,** ќе се спроведува во акредитирани институции, односно онаму каде што постојат услови за квалитетна практична обука.

Акредитирани институции за едукација ќе бидат оние кои, меѓу другото, имаат:

- обучени едукатори за спроведување на практичната обука;
- соодветна медицинска опрема и инфраструктура;
- добра медицинска/професионална пракса во институцијата.



За оваа цел во Лекарската комора ќе се формира **тело** кое ќе ги подготви **критериумите** кои треба да ги исполнуваат здравствените установи и лицата кои ќе бидат акредитирани да ја спроведуваат практичната лекарска обука.

**Критериумите** ќе бидат содржани во посебен **формулар за првична акредитација за спроведување на практичната обука.** Иницијалната акредитација има важност за одреден временски перирод, после кој ќе се врши повторна акредитација, односно реакредитација на институциите, односно индивидуите кои ќе ја спроведуваат практичната обука, исто така врз основа на претходно утврдени критериуми.

# ОСНОВНА ЛИЦЕНЦА

Докторот може да се стекне со основна лиценца ако:

- има диплома за завршен медицински факултет
- доказ за завршен приправнички стаж и
- доказ за положен стручен испит

Стектување на основна лиценца (лиценца за работа под стручен надзор) ќе биде еден од фундаменталните чинители во системот на добра медицинска/професионална пракса, што, пак претставува темел на егзистенцијата и функционирањето на Лекарската комора на Рпублика Македонија.

Стручниот испит ќе претставува тест на знаења, вештини и професионален однос и ќе се спроведува со поголем број различни современи техники, со кои се обезбедува објективна и веродостојна проценка на компетентноста и способноста на докторот на практична обука.

Испитот ќе се состои од:

- тестови со заокружување на точните одговори;
- објективно оценување на



клиничките вештини, и

- пристап кон пациентите.

Лекарската комора,  испитот ќе го спроведе преку испитни комисии претходно акредитирани од Комората.

За положување на испитот, потребно е да се добијат позитивни оценки од сите компоненти на испитот. Незадоволителните резултати на еден или повеќе компоненти од испитот, ќе значат повторување на **делот во рок од три месеци.**

Забелешките и поплаките во врска со спроведувањето и резултатите од испитот ќе бидат предмет на разгледу–вање на испитната комисија, односно одборот на испитувачи.

После успешно положениот стручен испит ќе се издаде основна лиценца (лиценца за работа под стручен надзор).

# ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА

Лекарската комора на Македонија издава и **лиценца за работа.**

Основен услов за стекнување **лиценца за работа** е:

–основна лиценца

–завршена специјализација однсо субспецијализација

Лиценцата ја издава **тело** на Комората, според постапката и критериумите кои се прецизно дефинирани во актите на Комората. Податоците за издадените лиценци се чуваат во делот на **регистарот на доктори со лиценца за работа**.

Лиценцата за работа има валидност за одреден временски период, дефиниран со Законот за здравствена заштита. Според овој закон, валидноста на лиценцата изнесува седум години, со важност од денот на издавањето на лиценцата за работа.



Законот предвидува обновување, продолжување и одземање на лиценцата за работа.

# ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Обновување на лиценцата за работа е постапка со која се докажува континуитетот во одржување на квалитетот на индивидуалните професионални активности и способности.

Обновувањето на лиценцата за работа по истекот на важноста на лиценцата за работа.

Услови за обновување на лиценцата за работа (ре–лиценцирање) се доказите за:

- дека докторот ја практицирал својата професија за која има лиценца за работа, најмалку 60% од периодот за кој е издадена лиценцата;
- **континуиран професионален развој (КПР)** во изминатиот период, односно учество на акредитирани стручни собири (конгреси, симпозиуми и слично);



Критериумите за релиценцирање се утврдуваат со посебен правилник што го усвојува Собранието на лекатската комора на Република Македонија.

Критериумите се базираат врз бодовен систем или систем на поени (кредити, часови) за извршените

активности неопходни за релиценци–рање. Критериумите  за градација на активностите на докторот (учество како слушател, предавач, презентер на постер или стручен труд), и квалитетот на собирот односно  списанието (според извршена акредитација), ќе бидат дефинирани со актите на Комората.

Акредитацијата на докторот како **едукатор, ментор или испитувач** ќе носи, исто така, одреден број **кредити (поени)**.

Континуираниот професионален развој (КПР), е востановен во сите земји на Европската унија, другите европски земји и државите на американскиот континент (САД, Канада) и Австралија. Таа претставува значаен елемент  во професионалната дејност на докторите. Таа е услов  за обновување на лиценцата за работа во сите споменати држави.

Македонското лекарско друштво е овластена институција што може да ги подготвува програмите за КПР, односно, тоа ќе го прават специјалистичките здруженија во рамките на Македонското лекарско друштво. Програмите за КМЕ се доставуваат до Лекарската комора, која ги акредитира како облици за континуирана медицинска едукација, односно контунуиран професионален развој. **Телото за акредитација** при Комората се усогласува и ги дефинира бодовите/поените/кредитите кои ги добиваат учесниците во облиците на КПР, вклучувајќи ги и објавувањата на стручни трудови и извршување на функција на едукатор, ментор или испитувач.

# ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Докторот што нема да успее да ја обнови лиценцата за работа заради неисполнување на пропишаните услови може времено да му се продолжи лиценцата за работа најмногу за шест месеци. Во овој рок, од шест месеци докторот треба да ги исполни условите за обновување на лиценцата за работа.

Доколку и во овој рок докторот не ги исполни условите времено му се одзема лиценцата за работа.

Докторот може повторно да се стекне со лиценца за работа ако во текот на наредната година помине дополнителна обука и ако успешно ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности пред испитната комисија на Лекарската комора на Рапублика Македонија.

# ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА



Лекарската комора на Република Македонија може времено или трајно да ја одземе лиценцата за работа.

**Времето на одземањето на лиценцата** може трае најмногу седум години доколку:

- не ја продолжи лиценцата за работа во превидените рокови;
- не ја заврши дополнителната обука во утврдениот рок;
- со успех не ја заврши дополнителната проверка на стручните знаења и способности;
- со судско правосилно решение привремено му е забрането вршење на дејноста или професијата;
- по доделувањето на лиценцата за работа се утврди дека доказите за исполнување на пропишаните услови ги прибавило спротивно на законите;
- работи надвор од лиценцата за работа што ја поседува или работи во услови за кои нема одобрение за работа;
- ако Судот на честа при лекарската комора на Македонија утврди дека го повредил Кодексот на медицинската етика.

**Трајното одземање на лиценцата** за работа се врши ако со правосилна судска одлука се утврди дека докторот сторил пропуст или грешка при работата со што трајно нарушување на здравјето или смрт на болниот.

# РЕГИСТЕР НА ДОКТОРИ

Во Лекарската комора на Република Македонија се востановува **регистар на доктори.**

**Регистарот на доктори** е база на податоци за докторите во Република Македонија. Лекарската комора го формира, води и ажурира регистарот.

Регистарот содржи **сегмент за доктори со основна лиценца и сегмент за доктори со лиценца за работа.**

По успешното завршување на постапката за добивање на основна лиценца, со која се стекнува право за работа под стручен надзор, односно после завршената постапка за стекнување право на лиценца за работа, докторите со стекнатото право за одредена лиценца, се впишуваат во регистарот на доктори на Лекарската комора на Република Македонија.



Постапката за впишување во рег–истарот ја врши соодветните тела за издавање на основна лиценца, односно лиценца за работа според актите на Лекарската комора.

Извештаи за работите што се однесуваат за издавање, продолжување, обновување и одзе–мање на лиценцата се доставуваат два пати годишно до Министерството за здравство.



Министерството за здравство како второстепен орган ги разгледува приговорите од институции и поединци во врска со акредитација и лиценци–рање, кои претходно се разгледани и одбиени од телата кои се одговорни за издавање на документот за акред–итација, односно лиценцирање.

Во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за времено или трајно одземање на лиценцата за раб–ота докторот има право на жалба до министерот за здравство.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ПРЕДГОВОР | 5 |
| Што е акредитација? | 6 |
| Зошто е потребна акредитацијата | 7 |
| Акредитацијата на докторите во Европа... | 8 |
| ... и во Македонија | 9 |
| НИВОА НА АКРЕДИТАЦИЈА | 10 |
| ПРАКТИЧНА ОБУКА | 15 |
| ОСНОВНА ЛИЦЕНЦА | 17 |
| ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА | 19 |
| ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА | 21 |
| ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА | 24 |
| ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА | 25 |
| РЕГИСТЕР НА ДОКТОРИ | 29 |

ЕДИЦИЈА

**ПРОМОЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ДОКТОРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРОФ. Д-Р СПАСЕ ЈОВКОВСКИ**

**ЛИЦЕНЦИРАЊЕТО И ЛЕКАРСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**Издавач:**
ЛЕКАРСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
И
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО

**За издавачите:**
проф. д–р Алексеј Дума
и
проф. д–р Владимир Милчин

**Уредник:**
Јосиф Цочков

**Лектор:**
Снежана Орловиќ–Стојановиќ

**Графички уредник:**
Бобан Козаров

**Печати:**
Европа 92

**Тираж:**
6000

